# ИЗВЕШТАЈ НА НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО

Согласно член 480 ст. 3 од Законот за трговските друштва, неизвршните членови на Одборот на директори, во рамките на своите надлежности континуирано го следеа финансиското работење на Друштвото, и делуваа во согласност со својот систем за внатрешна контрола. Контролата ја вршеа во текот на целата година во насока на остварување на интересите на Друштвото и перманентна заштита на правата и интересите на акционерите на друштвото преку:

- Постојана и целосна контрола на работењето на друштвото и негово менаџирање, во поглед на усогласеност со позитивната законска регулатива,
- Увид и оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи, следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите на друштвото,

Континуирано следење на показателите за деловните резултати и постигнувања  на друштвото, во насока на зголемување на приходите и намалување на трошоците од работењето на друштвото, а се со цел да се обезбеди поекономично и финансиски поисплатливо работење и управување со друштвото, и остварување на што е можно подобри резултати.

Во таа насока неизвршните членови на одбор на директори ги разгледуваа месечните и кумулативни извештаи за работењете од извршниот директор во текот на целата година,  Неревидиран биланс на успех за период 01.01-31.03; Неревидиран финансиски извештај за период 01.01-30.06; Неревидиран биланс на успех за период 01.01-30.09; Неревидиран финансиски извештај за период 01.01-31.12  и Неревидирани консолидирани финансиски извештаи за период 01.01-31.12. Во тој контекст, од страна на Одборот на директори во извештајниот период беа донесени следните поважни одлуки заверени со следните броеви

- 0201/1590; 0201/1593; 0201/1595-1597; 0201/1601; 0201/1604-1607; 0201/1612-1614; 0201/1626-1628; 0201/1620-1623; 0201/1630-1634; 0201/1665-1666; 0201/1672-1678; 0201/1681; 0201/1684; 0201/1688; 0201/1696; 0201/1698-1706; 0201/1708-1716 и 0201/1723-1731.
- Соработка со Внатрешниот ревизор на друштвото. Во текот на 2022 година неизвршните членови на одборот на директори го разгледаа Полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото како независна организациона единица на друштвото. Исто така беа разгледани и извештаите од посебните ревизии во кои

беа презентирани активностите на Службата извршени во период Јануари – Декември 2022 година. Неизвршните членови на Одборот на директори го усвоија и дадоа оцена дека Полугодишниот извештај е квалитетно и содржински изработен, согласно законските одредби. На една од седниците пред свикување на собранието на акционери, Одборот на директори го разгледа и одобри Годишниот извештај за работењето на друштвото оценувајќи дека истиот е квалитетно и содржински изработен согласно законските одредби и врз основа на став 4 од член 415 – в од ЗТД, извештајот се доставува на разгледување и усвојување на седницата на собрание на акционери.

- Неизвршните членови на Одборот на директори го разгледаа и одобрија Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година. Во истиот се наведени предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија по одделни области и распоред на контролите во текот на 2022 година, со планирано времетраење за спроведување на контролите.
- Неизвршните членови на Одборот на директори ја испитаа објективноста на Финансиските извештаи за годината која измина и утврдија дека тие објективно ја презентираат Финансиската состојба на АД ЕВРОПА Скопје. Тоа се гледа и во извештајот на независниот Ревизор, каде е наведено дека финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД ЕВРОПА Скопје заклучно со 31.12.2022 година како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши во согласност со Меѓународните стандарди прифатени во Р. С.Македонија, освен за ефектот од работите опишани во Основа за мислење со резерва.

Врз основа на гореизнесеното, се предлага на собранието на акционери да ја усвои единечната и консолидираната годишна сметка, ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи, годишниот извештај за работењето на друштвото во деловната 2022 година, одлуката за распределба на добивката и одлуката за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда.

Неизвршни членови на Одбор на директори

1. Марија Каранфиловиќ
2. Драган Наков
3. Есамедин Хасани
4. Наташа Милева
5. Селаудин Арифи
6. Нико Ташков